2. На општината Кавадарци - 1 просторија во објектот на ул. „Маршал Тито“ (општинска зграда) и тоа канцеларијата бр. 4, приземје, со површина од 25,38 м2;

3. На општината Крушево - 1 просторија во општинската зграда и тоа канцеларијата бр. 22, со површина од 14,25 м2 и ходник од 3.64 м2;

4. На општината Македонски Брод - 3 простории во општинската зграда и тоа: канцеларијата бр. 25, со површина од 13,13 м2, канцеларијата бр. 26 со површина од 13,14 м2 и канцеларијата бр. 27, со површина од 11,36 м2;

5. На општината Неготино - 2 простории во објектот на ул. „Ацо Аџи Илов“ - бб (општинска зграда) и тоа канцелариите бр. 12 и бр. 12 - А, со вкупна површина од 29,06 м2;

6. На општината Радовиш - 2 простории во општинската зграда и тоа: канцеларијата бр. 20, со површина од 14,40 м2 и канцеларијата бр. 24 со површина од 14,55 м2;

7. На општината Кисела Вода - Скопје - 2 простории во барака бр. 9 и тоа: канцеларијата бр. 9, со површина од 18,50 м2 и канцеларијата - архива која не е означена со број и се наоѓа до санитарниот јазол и е со површина од 12 м2;

8. На општината Центар - Скопје - 3 простории во барака бр. 5 и тоа: канцеларијата бр. 24, со површина од 12 м2, канцеларијата бр. 25, со површина од 12 м2 и канцеларијата бр. 26 со површина од 12 м2.

Член 2

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу досегашниот корисник Министерството за финансии и општините од член 1 на оваа одлука во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари предмет на оваа одлука да се изврши со записник составен во 4 (четири) идентични примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја страна.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2185/1
2 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**754.**

Врз основа на член 48 од Законот за концесии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 02.05.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ - ТЕРМАЛНА ВОДА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СОЛЕНА ЧЕШМА“ - ДЕЛЧЕВО**

1. Се одзема концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини - термална вода на локалитетот „Солена чешма“ - Делчево доделена на „РУДИНЕ-ММ“ ДОО увоз-извоз Скопје доделена со Одлука на Владата на Република Македонија број 19-2658/1 од 7 јуни 2006 година.

2. Концесијата од точка 1 од оваа одлука се одзема заради отпочнување на детални геолошки истражувања без издадено Одобрение за детални геолошки истражувања и неплаќање на концесиски надоместоци.

3. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини - термална вода на локалитетот „Солена чешма“ - Делчево, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и „РУДИНЕ-ММ“ ДОО увоз-извоз Скопје бр. 24-4875/3 од 11.07.2006 година ќе го раскине министерот за економија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2311/1
2 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**755.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СТОПАНИСУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ПЕ СКОПЈЕ СО ДЕЛОВНИОТ ОБЈЕКТ НА УЛ. „ЖЕЛЕЗНИЧКА“ ББ**

Член 1

На Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - ПЕ Скопје му престанува правото на стопанисување со деловниот објект на ул. „Железничка“ бб на КП. бр. 149 КО Центар 2 запишан во имотен лист број 17751 сопственост на Република Македонија со вкупна површина од 883 м2 од кои 452 м2 во приземје и 431 м2 на спрат.

Член 2

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - ПЕ Скопје во итна постапка да ги раскине сите договори за закуп на предметниот деловен објект на ул. „Железничка“ бб на КП. бр. 149 КО Центар 2 запишан во имотен лист број 17751 сопственост на Република Македонија со вкупна површина од 883 м2 од кои 452 м2 во приземје и 431 м2 на спрат склучени со правни и физички лица.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2201/1
11 април 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**756.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 02.05.2007 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНА НАСЕЛБА ВО СЕЛО ЈЕЛОВЈАНЕ, ОПШТИНА БОГОВИЊЕ**

Член 1

Во Одлуката за изградба на станбена населба во село Јеловјане, општина Боговиње („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/06 и 79/06), член 4 се менува и гласи:

„Корисниците на станбени објекти од членот 2, став 1 на оваа одлука можат семејната куќа да ја користат под закуп или да ја купат под следните услови:

1. За користење под закуп:

- времетраењето на закупот е до 5 години за што се склучува договор за закуп на стан меѓу Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и лицето кое ја добило семејната куќа под закуп, согласно Законот за облигационите односи;

- по истекот на 5 години закупецот е должен да го врати станот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, заради негова продажба по пат на јавен оглас под услови за продажба на станови со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија;

- закупнината се определува согласно актите на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

2. Купување на одложено плаќање, преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, по следните бенефицирани услови:

- учество во висина од 15% од цената на семејната куќа;

- отплата на остатокот од цената на 180 месечни рати.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2489/1
2 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**757.**

Врз основа на член 6 став 10, член 7 став 6, член 8 став 9, член 9 став 4 и член 24 став 5 и 7 од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на РМ“ бр. 69/2004), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИ ОД ВИДОТ ГОВЕДА**

Член 1

Во Правилникот за ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/05), во членот 21 по зборот „кланиците“ се става запирка и се додаваат зборовите: „добиточните пазари“, а по зборот „колење“ се става запирка и се додаваат зборовите: „карта за пријава на движење преку добиточен пазар“.

Член 2

Во членот 26 во ставот 1, по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- Карта за движење преку добиточен пазар.“

По ставот 2 се додава став 3 кој гласи:

„Картата за движење преку добиточен пазар кој добиточниот пазар го користи и доставува до овластените организации е даден на Образец кој е составен дел на овој правилник.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер,
**Ацо Спасеноски,** с.р.

## Образец 1: Картата за движење преку добиточен пазар

**Карта за пријава на движење преку добиточен пазар** ИР/ДП-01

**Број на ушната маркица на животното**

МК

**Датум на влез/излез**

**Податоци за продавачот**

РБО на одгледувалиште

Име и презиме

Адреса

Населено место и поштенски број

Потпис

**Податоци за купувачот**

РБО на одгледувалиште

Име и презиме

Адреса

Населено место и поштенски број

Потпис

Назив и РБО на добиточниот пазар

Потпис на одговорното лице

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**758.**

Врз основа на член 39 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) и член 18 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр. 62/2006) Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 07.05.2007 година, донесе

### О Д Л У К А

1. Судскиог совет на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на 18 судии на Управниот суд.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, активно да го владее македонскиот јазик, работоспособен и има општа здравствена способност, стекната универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од правен факултет од странство и положен правосуден испит во Република Македонија) и член 46 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите (со работно искуство од најмалку 5 години во суд, со потврдени резултати во работата или 8 години стаж по положен правосуден испит, на правни работи, или е универзитетски професор од областа на правото со научен степен докторат на правни науки), пријавите со потребните документи ќе ги поднесат до Судскиот совет на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-914/1
7 мај 2007 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

**759.**

Врз основа на член 39 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006), а во врска со одлука за утврдување на бројот на судиите во апелационите судови („Службен весник на РМ“ бр. 35/2007), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 07.05.2007 година, донесе

### О Д Л У К А

1. Судскиот совет на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на 11 судии на Апелациониот суд - Гостивар.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, активно да го владее македонскиот јазик, работоспособен и има општа здравствена способност, стекната универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од правен факултет од странство и положен правосуден испит во Република Македонија) и член 46 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите (најмалку 5 години судиски стаж со потврдени резултати во работата или 8 години стаж на правни работи по положен правосуден испит), пријавите со потребните документи ќе ги поднесат до Судскиот совет на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-915/1
7 мај 2007 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**760.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) на седницата одржана на 4 април 2007 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 181 став 4 во делот: „жалба“ од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива од Стамен Филипов од Скопје со Решение У.бр.188/2006 поведе постапка за оценување на уставноста на делот на ставот 4 од членот 181 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на делот на ставот 4 од членот 181 од Законот со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 181 став 4 од Законот, против одлуката за отказ на договорот за вработување, работникот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од врачувањето од страна на работодавачот, пред надлежниот суд.

5. Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е утврдено како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 32 став 5 од Уставот, правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според член 50 став 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Со Законот за работните односи се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување (член 1 став 1).

Според ставот 2 на членот 1 од Законот, работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Во VII глава Остварување и заштита на правата, обврските и одговорностите од работниот однос, во поднасловот „Остварување на правата кај работодавачот и судска заштита“ е поместен членот 181 кој е оспорен со иницијативата само во делот од ставот 4 и тоа зборот: „жалба“.

Според ставот 1 на членот 181 од Законот ако работникот смета дека работодавачот не му ги обезбедува правата од работниот однос или крши кое било од неговите права од работниот однос има право да поднесе писмено барање до работодавачот кршењето да го отстрани, односно да ја исполни својата обврска.

Според ставот 2 на овој член од Законот ако работникот смета дека со писмена одлука на работодавачот е прекршено неговото право, има право во рок од осум дена од врачувањето на одлуката со која било прекршено правото, да бара од работодавачот истото да го отстрани.

Според ставот 3 на овој член од Законот, ако работодавачот во натамошниот рок од осум дена по врачувањето на писменото барање на работникот не ги исполни своите обврски од работниот однос, односно не го отстрани кршењето на правото, работникот може во рок од 15 дена да бара судска заштита пред надлежниот суд.

Според оспорениот став 4 на овој член од Законот, против одлуката за отказ на договорот за вработување, работникот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од врачувањето од страна на работодавачот, пред надлежниот суд.

Во ставот 5 на овој член од Законот е утврдено дека без оглед на роковите од ставовите (2) и (3) на овој член работникот може паричните побарувања од работниот однос да ги остварува непосредно пред надлежниот суд.

Според ставот 6 на овој член од Законот неизбраниот кандидат за вработување кој смета дека при изборот била прекршена забраната на дискриминација, во рок од 15 дена од приемот на известувањето од страна на работодавачот може да бара надомест на штета пред надлежниот суд.

Постапката во спорови од работните односи е уредена во Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2005) и тоа во главата дваесет и шеста. Така, согласно членот 405 став 2 од Законот, во постапката во споровите од работните односи рокот за одговор на тужба е осум дена. Според ставот 3 на овој член од Законот, во споровите од работните односи кои се однесуваат за престанок на работниот однос, рочиштето за главна расправа мора да се одржи во рок од 30 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата.

Во членот 175 од Законот е утврдено дека парничната постапка се поведува со тужба.

Од содржината на членот 175 и наведените ставови на членот 405 од Законот за парничната постапка произлегува дека парничната постапка се поведува со тужба, односно во постапката во спорови од работните односи законодавецот оперира со зборот „тужба“, а не „жалба“, што јасно упатува на заклучокот дека зборот „жалба“ во оспорениот член 181 став 4 се употребува „можеби поради техничка грешка“.

Во конкретниот случај со членот 181 став 4 од Законот, а со тоа и со оспорениот дел, не се предвидува поднесување на тужба како што тоа е регулирано во нашиот правен систем, туку поднесување на жалба. Жалбата ја има својата основа во оправданата претпоставка дека првостепената одлука не мора секогаш да биде законита и споредлива и поради тоа по жалбата одлучува секогаш повисок орган со што се прокламира и двостепеност во одлучувањето како една од гаранциите за остварување на правата и врз закон заснованите интереси. Притоа, ова правно средство остава можност за внатрешно решавање на настанатата состојба.

Значи, кога станува збор за заштита на права пред суд, постапката не се поведува со жалба, како што тоа е предвидено во оспорениот дел на членот 181 став 4 од Законот, туку со тужба.

Оттука, самото постоење на зборот „жалба“ во членот 181 став 4 од Законот, создава правна несигурност кај граѓаните што е спротивно на начелото на владеењето на правото кое во себе го содржи начелото на законитост, кое начело го обврзува законодавецот да конципира (формулира) прецизни, недвосмислени и јасни норми. Само јасните и прецизните норми можат да претставуваат солидна основа за законито постапување, во случајов, на судските органи, што тоа не го обезбедува оспорената одредба од Законот.

Со оглед на изнесеното, Судот оцени дека членот 181 став 4 во делот: „жалба“ од Законот за работните односи не е во согласност со начелото на владеење на правото утврдено како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Махмут Јусуфи и судиите д-р Трендафил Ивановски, Лилјана Ингилизова-Ристова, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски и д-р Бајрам Положани.

У. бр. 188/2006
4 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Махмут Јусуфи,** с.р.

---

**761.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 април 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ ПОНИШТУВА членот 13 во делот: „освен членот 3 од овој Закон кој ќе се применува од 1 јануари 2007 година“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2007).

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на оспорената одредба од Законот означена во точката 1 од ова решение.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијативата поднесена од Тодор Петров, претседател на Македонската партија со Решение У. бр. 12/2007 поведе постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел на членот 13 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на дел на оспорениот член 13 од Законот со Уставот на Република Македонија.

5. Судот на седницата утврди дека според членот 13 од Законот, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен членот 3 од овој закон кој ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

6. Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е утврдено како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според членот 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Според ставот 2 на овој член од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“ најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување, а според ставот 3 на овој член, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Ставот 4 од овој член од Уставот утврдува дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии е донесен на седницата одржана на 10 јануари 2007 година. Законот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2007) на 16 јануари 2007 година.

Според членот 3 од Законот во членот 17 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Политичките партии се запишуваат во регистар според нивното седиште што го води надлежниот основен суд (во натамошниот текст: судски регистар).

(2) Судски регистар на политички партии водат основните судови во Битола, Тетово, Скопје II- Скопје, Струмица и Штип за подрачјата на основните судови определени со Законот за судовите“.

Во ставот (4) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „како и образецот за давање на потписи за основање и членување во политичка партија кои се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“ на веб страницата на Министерството за правда“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Обрасците за давање потписи за основање на политичка партија и за членување во политичка партија, ги обезбедува основачот, односно политичката партија“.

Според оспорениот член 13 од Законот, законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ (24 јануари 2007 година), освен членот 3 од овој закон кој ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

Имајќи предвид дека со оспорената одредба е создадена правна ситуација, односно можност членот 3 од Законот да се применува и наназад, пред неговото објавување, односно влегување во сила, што, од друга страна, истовремено значи и негово повратно дејство.

Оттука, разгледувајќи го оспорениот дел на членот 13 од Законот од аспект на неговото повратно дејство, а при тоа имајќи го предвид ставот 4 на членот 52 од Уставот, според кој законите само по исклучок, и тоа во случаите кога тоа е поповолно за граѓаните, можат да имаат повратно дејство, како и содржината на оспорената законска одредба, Судот утврди дека решенијата кои се предвидени во Законот се понеповолни за субјектите (политичките партии) на кои се однесува оспорената одредба.

Со оглед на наведеното, Судот оцени дека членот 13 во делот: „освен членот 3 од овој закон кој ќе се применува од 1 јануари 2007 година“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии не е во согласност со членот 52 став 4 од Уставот и принципот на владеењето на правото утврдено како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 и 2 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Махмут Јусуфи и судиите д-р Трендафил Ивановски, Лилјана Ингилизова-Ристова, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски и д-р Бајрам Положани.

У. бр. 12/2007
4 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Махмут Јусуфи,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**97.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 85 ст. 1 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/05), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 11.04.2007 година донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕНОСЛИВОСТ НА БРОЕВИ

Член 1

Во Правилникот за преносливост на броеви ("Службен весник на Република Македонија" бр. 135/06) во член 13 ставот 1 се менува и гласи:

"Агенцијата за електронски комуникации го развива, управува и одржува ЦБП системот преку организациона единица во рамките на Агенцијата, или со пренесување на вршењето на овие работи на друго физичко или правно лице избрано по пат на јавен тендер".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата.

Бр. 11-24/10 Агенција за електронски комуникации,
11 април 2007 година Претседател на Комисијата,
Скопје **Софче Јовановска**, с.р.

---

## АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**98.**

Врз основа на член 9, став 1, алинеја 7 од Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06), Управниот одбор на Академијата, на седница одржана на 3 мај 2007 година, ја усвои следнава

### П Р О Г Р А М А ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно со членовите 63, 78 и 86 од Статутот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, со програмава за полагање на приемниот испит поблиску се уредени темите и областите, (имајќи ги предвид и најновите измени на законските текстови) од кои се изготвени прашањата за квалификацискиот тест и писмените и усните прашања од приемниот испит од следниве области:

кривично право, граѓанско право со трговско право, уставно право, управно право, меѓународно право, право на Европска унија и познавање на англиски или француски јазик, по избор на кандидатот.

КАЗНЕНО ПРАВО

I. КАЗНЕНО ПРАВО -ОПШТ ДЕЛ

1. Општи одредби за кривичното дело и кривичната одговорност:
а) Нужна одбрана;
б) Крајна нужда;
в) Пресметливост;
г) Умисла;
д) Небрежност;
ѓ) Стварна заблуда;
е) Правна заблуда.
2. Обид за кривично дело,
3. Соучесништво во кривично дело:
- Соизвршителство;
- Поттикнување;
- Помагање.
4. Кривична одговорност на правно лице:
- Услови за кривична одговорност на правно лице.
5. Казни,
- Видови казни;
- Затвор;
- Парична казна;
- Наплаќање на паричната казна;
- Забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Забрана за управување со моторно возило;
- Протерување странец од земјата.
6. Одмерување на казната,
- Општи правила за одмерување на казната;
- Ублажување на казната;
- Граници на ублажувањето на казната;
- Ослободување од казна – основи за ослободување од казна;
- Стек на кривични дела;
- Продолжено кривично дело;
- Засметување на притворот и на поранешната казна.
7. Алтернативни мерки,
- Цел на алтернативните мерки;
- Видови алтернативни мерки.
8. Казнување на правното лице,
- Видови казни.
9. Конфискација на имот и имотна корист,
10. Одземање предмети,
11. Значење на изразите од Кривичниот законик.

II. КАЗНЕНО ПРАВО - ПОСЕБЕН ДЕЛ

- Кривични дела против животот и телото (Убиство-квалификувани и привилегирани облици на убиство);
- Семејното насилство како квалификуван облик од основните облици на кривичните дела против животот и телото;
- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот (Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување; Малтретирање во вршењето на службата; Спречување пристап до јавен информатички систем; Повреда на авторското право и сродните права),
- Квалификувани облици на основните облици на кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот сторени од службени лица;
- Кривични дела против изборите и гласањето (Поткуп при избори и гласање; Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања);
- Кривични дела против работните односи (Повреда на правата од работен однос; Повреда на правото од социјално осигурување);
- Гонење на сторителите на кривичните дела против честа и угледот;
- Кривични дела против половата слобода и половиот морал (Обљуба врз немоќно лице; Посредување во вршење проституција; Прикажување порнографски материјал на дете);
- Кривични дела против бракот, семејството и младината (Неплаќање издршка; Точење алкохолни пијалаци на малолетници);
- Кривични дела против здравјето на луѓето (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори; Овозможување употреба на наркотични дроги);
- Кривични дела против животната средина и природата (Загрозување на животната средина и природата со отпадни материи; Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи );

- Кривични дела против имотот (Кражба; Тешка кражба; Разбојништво; Разбојничка кражба; Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем; Правење и внесување компјутерски вируси; Компјутерска измама; Изнуда; Уцена);
- Кривични дела против културното наследство и природните реткости – општо;
- Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството (Перење пари и други приноси од казниво дело; Криумчарење; Царинска измама; Прикривање стоки; Даночно затајување; Создавање монополска положба и предизвикување растројство на пазарот; Неовластена употреба на туѓа фирма; Неовластена употреба на туѓ пронајдок или софтвер).
- Кривични дела против државата - казнување за подготвување и казнување за најтешки форми;
- Кривични дела против службената должност (Злоупотреба на службената положба и овластување; Примање поткуп; Давање поткуп; Прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот; Фалсификување службена исправа);
- Кривични дела против правосудството (Спречување на докажување; Незаконито влијание врз сведоци; Присилба спрема правосуден работник; Неизвршување судска одлука);
- Кривични дела против правниот сообраќај (Фалсификување исправа и посебни случаи на фалсификување исправа; Компјутерски фалсификат);
- Кривични дела против јавниот ред (Спречување службено лице во вршење службено дејствие; Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста; Злосторничко здружување; Терористичка организација; Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи);
- Кривични дела против човечноста и меѓународното право (Расна и друга дискриминација; Трговија со луѓе; Криумчарење мигранти; Меѓународен тероризам).

**ЛИТЕРАТУРА:**

**Законски текстови**

Кривичен законик на РМ („Службен весник на РМ“ бр. 37/96); Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик на РМ („Службен весник на РМ“ бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06 и 73/06).

## III. КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО

- Изземање;
- Јавен обвинител - општи одредби за надлежноста на јавниот обвинител (чл.42 од Законот за кривична постапка- Службен весник на РМ, бр.15/2005);
- Оштетен како тужител и приватен тужител;
- Бранител;
- Содржина на записник;
- Имотно – правни барања и привремено обезбедување и одземање предмети или имот;
- Донесување и соопштување на одлуките;
- Доставување писмена;
- Предистражна постапка (овластувања на Министерството за внатрешни работи, на царинската управа, на финансиската полиција и на јавниот обвинител; Отстапување од принципот на легалитет);
- Посебни истражни мерки;
- Истрага;
- Други превентивни мерки со кои се обезбедува присуството на обвинетиот;
- Гаранција;
- Куќен притвор;
- Притвор (основи за определување притвор, надлежност за одлучување за притвор, траење на притворот);
- Обвинување - видови, приговор против обвинителен акт и одлуки по приговорот;
- Заштита на сведоците, на соработниците на правдата и на жртвите;
- Главен претрес (раководење, претпоставки за одржување на главниот претрес, одлагање и прекинување);
- Пресуда –видови пресуди, писмена изработка и доставување на пресудата;
- Жалба –основи поради кои може да се побива пресудата;
- Одлуки на второстепен суд по жалба;
- Жалба на пресуда на второстепениот суд;
- Вонредни правни лекови – основи за нивно изјавување и надлежност за постапување по нив;
- Донесување пресуда без главен претрес и изрекување на алтернативни мерки;
- Постапка спрема правни лица;
- Постапка за конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети;
- Постапка за давање меѓународна правна помош и извршување меѓународни договори во кривични предмети;
- Постапка за екстрадиција на обвинети и осудени лица.

**ЛИТЕРАТУРА:**

**Законски текстови**

Закон за кривичната постапка на РМ (Службен весник на Република Македонија, бр. 15/1997);

Закон за измени и дополнување на Законот за кривичната постапка (Службен весник на РМ, бр. 74/04 и 44/2002);

Закон за судовите (Службен весник на Република Македонија, бр. 58/2006);

Закон за судскиот совет (Службен весник на Република Македонија, бр. 60/2006);

Закон за јавното обвинителство (Службен весник на Република Македонија, бр. 38/2004);

Збирка на судски одлуки;

Закон за извршување на санкциите (Службен весник на Република Македонија, бр. 2/06).

## IV. ПРЕКРШОЧНО ПРАВО

**1. Материјално-правни одредби**

**Прекршок и прекршочна одговорност**

1. Прекршок.

**Посебни прекршочни мерки**

1. Конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети.

**2. Постапка за порамнување и посредување**

1. Цел на постапката за порамнување и посредување и дејствија во постапка;
2. Процесно правни одредби.

**3. Прекршочна постапка**

1. Надлежност за прекршок;
2. Надлежност на прекршочен орган.

**Судска заштита – право за поведување управен спор**

**Примена на одредбите од Кривичниот законик**

**ЛИТЕРАТУРА:**

**Законски текстови**

Закон за прекршоците (Службен весник на РМ, бр.62/2006);
Закон за извршување на санкциите (Службен весник на РМ, бр.2/2006);
Закон за извршување (Службен весник на РМ, бр.35/2005).

**ГРАЃАНСКО ПРАВО СО ТРГОВСКО ПРАВО**

**ГРАЃАНСКО-МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО (СТВАРНО, ОБЛИГАЦИОНО, НАСЛЕДНО, СЕМЕЈНО), ТРУДОВО ПРАВО, ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ И ПАРНИЧНО ПРАВО**

А. ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

1. ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО

1. Правна и деловна способност на физичките и правните лица;
2. Договорот и неговите битни елементи;
3. Форми на договорот;
4. Услов и рок;
5. Капар и пишманлак;
6. Застапувања – при склучување договор и полномошно;
7. Неважност на договорот – ништовни договори и правни последици;
8. Неважност на договорите – рушливи договори и правни последици;
9. Штета, основи за одговорност, видови штета;
10. Стекнување без основ;
11. Дејство на обврските – доверителови права и должникови обврски;
12. Договорна казна;
13. Затезна камата;
14. Престанување на обврските;
15. Застареност – поим, дејство, време, прекин, застој;
16. Парични обврски;
17. Отстапување на побарувањето со договор (цесија);
18. Промена на должникот – преземање на долг, пристапување кон долг, преземање на исполнување;
19. Право на првенствено купување – законско и договорно;
20. Договор за продажба;
21. Лихварски договор.

2. СТВАРНО ПРАВО

1. Поим на ствари и поделба на ствари;
2. Носители и предмет на правото на сопственост;
3. Сосопственост и заедничка сопственост;
4. Стекнување имот во брачна и вонбрачна заедница;
5. Етажна сопственост – поим и содржина;
6. Стекнување право на сопственост (правни основи и начини);
7. Заштита на правото на сопственост;
8. Престанок на правото на сопственост;
9. Заштита на владение;
10. Службеност, видови и нивна заштита;
11. Залог на недвижности, подвижни предмети и права;
12. Регистриран и нерегистриран залог;
13. Експропријација – поим, постапка и определување на надоместок;
14. Денационализација – начинот, условите и постапката за враќање на имотот во сопственост;
15. Катастар – јавни книги за евиденција на стварни права на недвижности.

3. НАСЛЕДНО ПРАВО

1. Законски наследници – наследни редови;
2. Нужни наследници, исклучување и лишување од нужен дел;
3. Видови наследување – законско и тестаментално;
4. Отворање наследство;
5. Здобивање со оставина и откажување од наследство.

4. СЕМЕЈНО ПРАВО

1. Склучување и престанок на брак – поништување и развод на брак;
2. Семејно насилство;
3. Издржување – на брачниот другар, на децата, на родителите и на други роднини и определување издршка.

Б. ПАРНИЧНО ПРАВО

1. ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

1. Состав на судот и месна и стварна надлежност;
2. Странки и нивен законски застапник;
3. Полномошници;
4. Јазикот во постапката;
5. Записници;
6. Доставување писмена;
7. Тужба, видови тужби и одговор на тужба;
8. Сопарничари;
9. Докази, изведување и обезбедување докази;
10. Законски претпоставки за одржување главна расправа;
11. Пресуда, видови пресуди;
12. Редовни правни лекови – основи за поднесување жалба и одлуки по жалба, вонредни правни лекови, видови и основи;
13. Посебни постапки според Законот за парничната постапка и Законот за семејството (бракоразводни и издршка);
14. Повторување на постапката во случај кога е донесена одлука од Судот за човекови права во Стразбур.

2. ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

1. Постапка за лишување од деловна способност и прогласување лица за деловно способни;
2. Постапка за расправање оставина;
3. Уредување на односите меѓу етажните сопственици;
4. Делба на заеднички предмети или имот.

3. ПОСТАПКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

1. Извршни исправи;
2. Средства и предмети на извршување;
3. Предлог за извршување;
4. Извршител, именување и постапување;
5. Противизвршување;
6. Одлагање и запирање на извршувањето, надлежности на судот.

ТРУДОВО ПРАВО

1. Договор за вработување;
2. Забрана на дискриминација и видови дискриминација;

3. Засновање работен однос со странски државјани и со лица без државјанство;
4. Приправнички стаж, волонтерски стаж и пробна работа;
5. Откажување на договорот за вработување со отказ од страна на работникот и со отказ од страна на работодавачот (лични причини, причини на вина и деловни причини);
6. Плаќање на работата – плати и надоместоци;
7. Надомест на штета;
8. Мирно решавање на индивидуални и колективни работни спорови;
9. Синдикати и здруженија на работодавачи;
10. Колективни договори;
11. Штрајк.

АВТОРСКО ПРАВО

1. Авторско дело – поим, наслов, видови и заштита на авторското дело;
2. Автор;
3. Субјективно авторско право;
4. Промет на авторското право.

ЗАШТИТА НА АВТОРСКОТО И СРОДНИТЕ ПРАВА

1. Повреда на правата;
2. Граѓанско-правна заштита.

ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

1. Видови права од индустриската сопственост (трговска марка, индустриски дизајн, патент, ознака на потекло);
2. Стекнување права од индустриска сопственост;
3. Заштита на правата од индустриска сопственост (начин, рокови, постапка);
4. Пренос на правата од индустриска сопственост.

ПРОПИСИ:
• Закон за облигационите односи („Службен весник на РМ“ бр. 18/2001, 4/02, 59/02, 67/02 и 5/03);
• Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на РМ“ бр. 18/2001);
• Закон за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/04);
• Закон за наследување („Службен весник на СРМ“ бр. 47/96);
• Закон за семејството („Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 9/96, 19/00, 79/01, 38/04, 60/05 и 33/06);
• Закон за експропријација („Службен весник на РМ“ бр. 33/95, 20/98, 40/99 и 31/2003);
• Закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91 и „Службен весник на РМ“ бр. 70/06);
• Закон за градежното земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 53/01 и 59/02);
• Закон за договорен залог („Службен весник на РМ“ бр. 5/03 и 4/05);
• Закон за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06);
• Закон за парничната постапка („Службен весник на РМ“ бр. 79/05);
• Закон за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 35/05);
• Закон за вонпроцесната постапка („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79);
• Закон за денационализација („Службен весник на РМ“ бр. 43/2000 – пречистен текст и 42/03);
• Закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи (Протокол бр. 1), („Службен весник на РМ – Меѓународни договори“, бр. 20/97;
• Закон за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/05);
• Закон за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000);
• Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 112/2000, 34/2001, 43/2002 и 98/2002);
• Општ колективен договор за стопанството на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 76/2006);
• Закон за авторското право и сродните права (Службен весник на РМ, бр. 23/05, пречистен текст);
• Закон за индустриската сопственост (Службен весник на РМ, бр. 47/02, 42/03, 09/04 и 39/06).

ТРГОВСКО ПРАВО

А. ТРГОВСКИ ДРУШТВА

1. Трговец, трговец поединец, трговски друштва (поим, форми, основање, начин на престанок);
2. Јавно трговско друштво, командитно друштво (поим, форми, основање, основни карактеристики, односи, престанок);
3. Друштво со ограничена одговорност (основање, пристапување, истапување, акти, преобразба, односи помеѓу содружниците, органи на управување, начин и рокови за оспорување на одлуките, ДОО без основна главнина);
4. Акционерско друштво (основање, пристапување, истапување, акти, преобразба, односи помеѓу акционерите, органи на управување, донесување одлуки, начин и рокови за оспорување на одлуките, зголемување и намалување на основната главнина);
5. Видови тужби:
- Тужба за утврдување ништовност на трговско друштво;
- Правото на содружникот, односно на акционерот за судска заштита и за оцена на законитост;
- Тужба за утврдување ништовност на упис;
- Тужба за утврдување ништовност и побивање на одлука на собранието и на одлука донесена на собир на содружниците или со одлучување преку допишување;
- Судско испитување на одлуката за соодносот за размена при статусна промена;
- Прекршоци за кои, спрема трговското друштво и спрема одговорното лице, може да се изрече заштитна мерка – забрана за вршење дејност, односно должност.

Б. СТЕЧАЈ

1. Услови за отворање стечајна постапка (основи за утврдување на постоење стечајна постапка, иницирање стечајна постапка);
2. Органи на стечајната постапка (видови, надлежности);
3. Стечаен управник (именување, овластувања, разрешување, одговорност);
4. Отворање стечајна постапка (услови, начин, последици);
5. Претходна постапка;
6. Стечајна маса (оформување, проценка, обезбедување на имотот);
7. Доверители на стечајната маса (видови, рангирање, права);
8. Разлачни и излачни доверители;
9. Тужба во стечајна постапка (вид, рок за поднесување);
10. Побивање на правните дејствија на стечајниот должник (рокови, овластени лица за побивање, основи);
11. План за реорганизација;
12. Намирување на доверителите;
13. Заклучување и запирање на стечајната постапка.

В. ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Поим и правна природа на хартиите од вредност;
2. Видови хартии од вредност.

Д. ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО

1. Договори во стопанскиот промет (осигурување, градење, депозит, шпедиција, складирање, превоз, лиценца, заем, лизинг) и банкарски договори (паричен депозит, штеден влог, депонирање на хартии од вредност, банкарска тековна сметка, договор за сеф, договор за кредит, акредитив, банкарска гаранција).

Ѓ. ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

1. Примена на Законот за заштита на конкуренцијата - општо

Е. ОСНОВИ НА ПРАВОТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

1. Заштита на потрошувачите – општо (означување производи, права, обврски, договори, надлежни органи, здруженија на потрошувачи, санкции).

**ЛИТЕРАТУРА:**

**Законски текстови**

Закон за трговските друштва (Сл. весник на РМ бр. 28/2004; измени и дополнувања - Сл. весник бр. 84/2005 и 25/2007);
Закон за стечај (Сл. весник бр.34/2006; измени и дополнувања Сл. весник бр. 126/2006);
Закон за хартии од вредност (Сл. весник бр.95/2005; измени и дополнувања Сл. весник бр.25/2007);
Закон за чек (Сл. весник бр.3/2002);
Закон за меница (Сл. весник бр.3/2002);
Закон за облигациони односи (Сл. весник бр. 18/2001; измени и дополнувања Сл. весник бр.4/2002 и бр.5/2003);
Закон за заштита на конкуренција (Сл. весник бр.4/2005; измени и дополнувања Сл.весник бр.70/2006 и 22/2007);
Закон за банки (Сл. весник бр.63/2000; исправка на Законот Сл. весник бр.103/200; измени и дополнувања Сл. весник бр.37/2002, 51/2003 и 85/2003).

УСТАВНО ПРАВО

1. Темелни вредности на уставниот поредок на РМ;
2. Граѓански слободи и права на човекот и граѓанинот;
3. Политички слободи и права на човекот и граѓанинот;
4. Статусот и правата на малцинските заедници;
5. Економски, социјални и културни права;
6. Поделба на власта;
7. Собрание;
8. Надлежност на Собрание;
9. Постапка за донесување закони и други акти;
10. Народен правобранител на Република Македонија;
11. Извршната власт во Република Македонија:
11.1. Надлежност на Владата на Република Македонија;
12. Претседател на Република Македонија:
12.1. Надлежност на претседателот на РМ;
13. Судството во Република Македонија:
13.1. Уставни начела за судовите;
13.2. Организација на судскиот систем според новиот Закон за судовите;
13.3. Судски совет на РМ;
14. Јавното обвинителство во Република Македонија:
14.1. Положбата и функцијата на јавното обвинителство во РМ;
15. Уставност и законитост;
16. Уставен суд на Република Македонија:
16.1. Состав и надлежности на Уставниот суд на Република Македонија;
16.3. Правното дејство на одлуките на Уставниот суд;
16.7. Поведување постапка пред Уставниот суд;
16.14. Постапка за заштита на слободите и правата од член 110, алинеја 3, од Уставот на Република Македонија;
17. Уставниот концепт на локалната самоуправа во Република Македонија;
17.1. Службени јазици во општините.

**Литература:**

1. Устав на Република Македонија, со амандмани на Уставот I – XXX, Службен весник на РМ бр. 52/91; амандман I-II бр. 1/92; амандман III бр. 31/98; амандмани IV-XVIII бр. 91/01; амандман XIX бр. 84/03; амандмани XX-XXX бр. 107/05, Скопје, 2005

УПРАВНО ПРАВО

Управно право – I дел

Државни органи кои вршат управни работи

1. Органи на државната управа во Република Македонија

Одговорност на администрацијата

1. Материјална одговорност на органите на државната управа;
2. Дисциплинска одговорност на органите на државната управа;
3. Судска контрола над органите на државната управа во Република Македонија.

Службенички систем во Република Македонија

1. Статус на државен службеник;
2. Видови државни службеници во Република Македонија;
3. Агенција за државни службеници.

Облици на контрола и надзор

1. Видови надзор:
1.1. Надзор врз управните органи;
1.2. Надзор што го спроведуваат управните органи.

Управно процесно право: управна постапка, управен спор – II втор дел

Управна постапка

1. Странки;
2. Постапка до донесувањето на решението;
3. Решение;
4. Заклучок;
5. Правни основи за поднесување жалби;
6. Видови вонредни правни средства.

Управно-судска контрола

1. Видови управни спорови;
2. Органи надлежни за вршење на управно-судската контрола во Република Македонија;

3. Странки во управен спор;
4. Основи за покренување управен спор.

**ЛИТЕРАТУРА:**

**Законски текстови:**

1. Закон за организација и работа на органите на државната управа, Сл. весник на РМ бр. 58/2000;
2. Закон за Владата на Република Македонија, Сл. весник на РМ, 59/2000; Закон за измени и дополнувања на законот за Владата на Република Македонија, Сл. весник на РМ, 12/03, 55/05, 37/06;
3. Закон за државните службеници (пречистен текст), Сл. весник на РМ, бр. 108/05;
4. Закон за установите, Сл. весник на РМ, бр. 32/05;
5. Закон за народниот правобранител, Службен весник на РМ, 60/03;
6. Закон за концесии, Службен весник на РМ, бр.25/02;
7. Закон за општата управна постапка, Сл. весник на РМ, бр. 38/05;
8. Закон за управните спорови, Сл. весник на РМ, бр.62/06;
9. Закон за судовите, Службен весник на РМ, бр. 58/06.

МЕЃУНАРОДНО ПРАВО

ИЗВОРИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

1. Меѓународни договори;
2. Меѓународни обичаи;
3. Општи принципи на правото, признати од цивилизираните народи.

ПРИМЕНЛИВОСТ НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

1. Структура и органи на ООН;
2. Надлежности.

2. СОВЕТ НА ЕВРОПА

1. СТРУКТУРА И ОРГАНИ

1. Генерален секретар;
2. Комитет на министри;
3. Парламентарно собрание.

2. ВИДОВИ АКТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

3. ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

1. Европска конвенција за човековите права
- интерпретација на Конвенцијата;
- Конвенцијата и националното право;
- Конвенцијата и Европската унија.
2. Право на живот - член 2;
3. Забрана за мачење - член 3;
4. Право на слобода и сигурност - член 5;
5. Право на правично судење - член 6;
6. Право на почитување на приватниот и семејниот живот - член 8;
7. Слобода на уверување, совест и религија - член 9;
8. Слобода на изразување - член 10;
9. Слобода на собирање и здружување - член 11;
10. Право на ефективен лек - член 13;
11. Забрана на дискриминација - член 14;
12. Забрана за злоупотреба на правата - член 17;
13. Рестриктивна употреба на ограничувањето на правата - член 18.

4. ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

1. Надлежност на ЕСЧП;
2. Пленарно собрание на ЕСЧП;
3. Одбори, судски совети и Голем судски совет;
4. Индивидуална жалба;
5. Критериуми за допуштеност на жалбите;
6. Отфрлање индивидуална жалба;
7. Постигнување пријателско решение;
8. Конечност на пресудите на ЕСЧП.

МЕЃУНАРОДНИ СУДСКИ ИНСТАНЦИ

1. Меѓународен суд на правдата - надлежност и структура;
2. Меѓународниот кривичен суд и Римскиот статут - надлежност и структура;
3. Меѓународен кривичен суд за поранешна Југославија - надлежност и структура.

МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ

1. Постапка за екстрадиција и трансфер на осудени лица;
2. Признавање и извршување на странски судски одлуки;
3. Соработка во областа на кривичната материја;
4. Соработка во областа на граѓанската материја.

Литература:

1. Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, изменета со Протоколот бр. 11, 13, 14 (заедно со протоколите бр. 1,4,6 и 7);
2. Закон за решавање на судирите на законите со прописите на други земји во определени односи (Службен весник на СФРЈ, 43/82);
3. Конвенција за трансфер на осудени лица, со протоколите;
4. Конвенција за екстрадиција, со протоколите;
5. Европска конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со протоколите;
6. Статут на Меѓународниот кривичен суд (Римски статут).

www.un.org
www.icc-cpi.int
www.coe.int
http://www.un.org/law/icc/statute/romefra.htm

ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА

1. Процесот на Европската интеграција;
- Договорот од Рим, 1957 година;
- Единствениот Европски акт, 1986 година;
- Договорот за Европската унија, 1993 година;
- Договорот од Амстердам, 1997 година;
- Договорот од Ница, 2000 година.

2. Институции и тела на Европската унија,
- Европски совет;
- Институции:
- Совет,
- Комисија,
- Европски парламент,
- Тела основани од или врз основа на договорите на Европските заедници,
- Советодавни комитети, Европска централна банка, Европски правобранител.

3. Процес на донесување одлуки.

4. Правни инструменти:
- Хиерархија на изворите на право
- Примарно право,
- Секундарни прописи.

5. Начела на правото на Европската унија.

6. Судски систем на Европската унија:
- Европски суд за правдата,
- Надлежност и постапка.

Литература:

1. www.europa.eu
2. www.coe.int

АНГЛИСКИ ЈАЗИК

• Граматика,
• Читање и разбирање.

Граматика:
• present simple and continuous tense,
• possessive pronouns and ‘s’,
• adverbs of frequency (sometimes, always),
• countable and uncountable nouns with some, any, much, many,
• articles a, an, the, no article,
• past simple and continuous tense,
• irregular past simple verbs,
• will future,
• modal verbs: have to, should, could / can,
• comparative and superlative adjectives,
• this / that / these / those,
• prepositions of time and place,
• adverbs and adjectives.

Читање/разбирање
• Извадоци од текстови со правна терминологија.

Литература:

1. English for Law Students, Лазаревска Мери, Прирачник по англиски јазик за Правен факултет,
2. Општа граматика на англискиот јазик.

ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

1. МОРФОСИНТАКСИЧКИ СОДРЖИНИ

ДЕТЕРМИНАНТИ:
- член ( определен,неопределен,партитивен,.....),
- показни придавки,
- присвојни придавки,
- прашални придавки,
- неопределени придавки,
- броеви.

ЗАМЕНКИ
- лични заменки (видови,употреба,место...),
- показни заменки,
- присвојни заменки,
- прашални заменки,
- неопределени заменки,
- прилошки заменки,
- односни заменки.

КАЧЕСТВЕНИ ПРИДАВКИ
- Образување женски род; множина кај придавките; место кај придавките; придавки со две форми за машки род;
- Степенување кај придавките.

ИМЕНКИ
- Род и број кај именките; изведување именки од други видови зборови.

ПРИЛОЗИ
- Видови и степенување кај прилозите; место на прилозите; образување на прилозите со “ment”.

ПРЕДЛОЗИ
- Видови и употреба.

ГЛАГОЛИ
- Начин: инфинитив, индикатив, субјонктив, императив, партицип, кондиционал, герундив;
- Времиња на индикативот: présent, passé composé, passé récent, imparfait, futur proche, futur; simple, plus-que –parfait, futur antérieur.
- Времиња на субјонктивот: subjonctif présent, subjonctif passé;
- Времиња на кондиционалот: conditionnel présent, conditionnel passé;
- Негација (со прости и сложени времиња);
- Согласување на времињата кај глаголите во индикатив;
- Глаголски залог(актив и пасив);
- Безлични глаголи и конструкции, дефектни глаголи, повратни глаголи;
- Особености на глаголи од прва група (-cer; -ger; -yer; -eler; -eter;...).

РЕЧЕНИЦА
Видови реченици:
- прашални,
- временски,
- причински,
- последични,
- условни,
- допусни,
- односни,
- целни.

Директен и индиректен говор.

2. ТЕКСТОВИ НА ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК СО ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА

ЛИТЕРАТУРА :

1. Edita Horetzky: Précis de grammaire française, Skolska knjiga, Zagreb, 1989.
Марко Папиќ :Граматика на францускиот јазик, Просветно дело, Скопје.
Maia Grégoire / Odile Thiévenaz : Grammaire progressive du français avec 500 exercices, niveau intermédiaire, CLE International.
2. J.-L. Penfornis : Le français du droit, CLE International

Претседател
на Управен одбор,
**Абдулаким Саљиу,** с.р.

---

## СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

**99.**

Врз основа на член 44, а во согласност со член 45, 46 и 47 од Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на РМ бр.100/05, 19/07), на 10-та седница одржана на 26.04.2007, Советот за радиодифузија ја донесе следната

### О Д Л У К А
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

1. Се објавува конкурс за доделување 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност на непрофитна радиодифузна установа - за емитување и пренос на ра-

дио програмски сервис, со опфат на слушаност на подрачјето на градот Скопје (регионално ниво).

2. Радио програмскиот сервис ќе се емитува и пренесува преку терестријален предавател на фреквенција 92,9 MHz;

3. Програмскиот сервис ќе биде наменет за задоволување на специфичните потреби и интереси на студентската популација.

4. Дозволата за вршење радиодифузна дејност на непрофитната радиодифузна установа ќе се додели за временски период од девет години и истата не може да се пренесува на друго лице.

5. Условите и барањата што кандидатите треба да ги исполнуваат за вршење на дејноста како и критериумите за споредување и вреднување на пријавите и нивната тежина при оценувањето, се содржани во Конкурсот кој содржи општи, технички, продукциски, програмски и други услови, чиј текст е составен дел на оваа Одлука (Прилог 1)[1].

6. Основните технички услови, стандарди и параметри за емисиониот дел одредени во согласност со Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ, бр. 13/05, 14/07) се содржани во Одобрението за користење радиофреквенција издадено од Агенцијата за електронски комуникации.

7. За Дозволата се плаќа годишен надоместок за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на издавањето на Дозволата, на сметката на Советот за радиодифузија (жиро сметка 300000000618023, Банка депонент: Комерцијална банка А. Д. Скопје).

Висината на годишниот надоместок за Дозвола за 2007-ма година ја утврдува Советот за радиодифузија и изнесува 357,65 бодови (1 бод = 1 евро, во денарска противвредност) за подрачјето на градот Скопје.

Висината на годишниот надоместок за Дозвола за наредните години Советот за радиодифузија ќе ја пресметува согласно член 60 од Законот за радиодифузната дејност на почетокот на секоја календарска година.

8. За користење на радиофреквенциите за радиодифузна и за фиксна служба се плаќа годишен надоместок пресметан според Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, донесен од страна на Агенцијата за електронски комуникации (Службен весник на РМ, бр. 01/06).

Надоместокот за користење на радиофреквенции се плаќа на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на издавањето на Одобрението за користење на радиофреквенции.

Висината на годишниот надоместок за Одобрението за користење на радиофреквенција за радиодифузна служба на територијата на градот Скопје изнесува 2.700,00 евра (+ДДВ) во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на пресметката.

Годишниот надоместок за користење на радиофреквенции за фиксна служба за дотур на модулација изнесува 25,00 евра (+ДДВ) во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на пресметката.

9. За определување на предавателната микролокација, максималната ефективна моќност што се зрачи (ЕРП), насоченоста на антенскиот систем, како и за другите технички параметри што не се определени со оваа Одлука и Конкурсот, кандидатите се должни (по подигањето на документацијата од Советот и добивањето на потврда од Советот за подигнатата документација) да се обратат во Агенцијата за електронски комуникации, каде ќе ги добијат деталните технички параметри, кои се составен дел на Конкурсот и според кои ќе треба да се изработи техничкиот елаборат за предавателниот дел.

Пријавувањето на кандидатите во Агенцијата за електронски комуникации треба да биде со истиот назив како и во Советот за радиодифузија.

10. Кандидатите на конкурсот поднесуваат пријави на посебен образец чија форма и содржина ги пропишува Советот за радиодифузија.

Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови кои се составен дел на Конкурсот, Образецот - Пријава, и прилозите кон документацијата, можат да се подигнат во Советот за радиодифузија на Република Македонија, Булевар "Маркс и Енгелс" бр.3, Скопје.

За документацијата се плаќа надоместок во износ од 5.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, Банка депонент: Комерцијална банка А. Д. Скопје.

11. Пријавата се поднесува до Советот за радиодифузија на Република Македонија, на адреса: Булевар "Маркс и Енгелс" број 3 - Скопје, со назнака "Пријава за конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност - на непрофитна радиодифузна установа".

Пријавата, со придружната документација, се поднесуваат во 2 (два) примероци.

12. Пријавата може да се достави препорачано по пошта или со предавање во архивата на Советот за радиодифузија.

13. Пријавата за учество на Конкурсот се поднесува во рок од 30 дена.

Рокот за поднесување на пријавите тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на оваа Одлука во "Службен весник на РМ".

Пријавите се поднесуваат во рокот определен со оваа Одлука на начин, форма и со содржина предвидена во Конкурсот со Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови.

Пријавите што ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со оваа Одлука и нема да бидат подготвени и доставени според условите утврдени во Конкурсот со Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови нема да бидат разгледувани.

14. Оваа одлука се објавува во "Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Советот за радиодифузија на Република Македонија и во најмалку два дневни весници.

Бр. 02-1348/7
8 мај 2007 година
Скопје

Совет за радиодифузија
на Република Македонија
Претседател,
**Мирче Адамчевски,** с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**100.**

Врз основа на член 6 став (2), член 9 став (1) и член 12 став (1) од Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03 и 70/06), и член 6 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на извештај до Комисијата и за оценување на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/03) Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 04.05.2007 година, ја донесе следната

[1] Прилог (1): Конкурсот кој содржи општи, технички, продукциски, програмски и други услови, чиј текст е составен дел на оваа Одлука, во целост е објавен на веб-страницата на Советот за радиодифузија на Република Македонија (њњњ.срд.орг.мк), и е составен дел на документацијата, која може да се подигне во Советот за радиодифузија на Република Македонија, Булевар "Маркс и Енгелс" бр.3, Скопје, согласно условите утврдени во оваа Одлука.

## О Д Л У К А

Се одобрува државната помош за регионален развој во форма на грант од страна на Министерството за економија за 2007 година, која ќе се доделува на претпријатија на територијата на Република Македонија, во вкупен износ од 8.000.000 денари, и тоа:

- средства наменети за надоместување на дел од трошоците за промотивни материјали (CD, WEB, каталози, флаери) во вкупен износ од 3.500.000,00 денари, во износ до 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 60.000 денари поединечно за секој деловен субјект-барател на средствата;

- средства наменети за надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за интернет конекција-Проект „Македонија на интернет" во вкупен износ од 3.000.000,00 денари, во износ до 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 30.000 денари поединечно за секој деловен субјект-барател на средствата и

- средства наменети за надоместување на трошоците за организирање и учество на бизнис форуми во странство во вкупен износ од 1.500.000,00 денари, но не повеќе од 30.000 денари поединечно за секој деловен субјект-барател на средствата.

Бр. 10-215/2
7 мај 2007 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с.р.

---

**101.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 2 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија„ бр.04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/05), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, преку управителот Џефри Ален Финли, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 04.05.2007 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Дебарца" бр. 68 Скопје од една страна и трговските радиодифузни друштва – оператори на кабловска мрежа, од друга страна и тоа ЗОРА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. „Партизански Одреди" бр. 5 ДТЦ Карпош 3-лок 3 Скопје, ЗОРА КАБЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште нас. Илинден Скопје, КАБЕЛСКОП ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Јани Лукровски" лок. 58 ДТЦ Автокоманда Скопје, МАКСАТ И НАУМОСКИ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Ѓорче Петров" лок.69 ТЦ Ѓорче Петров Скопје, КАБЕЛСАТ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Иван Козаров" бр. 24 локал 68 Скопје, ГАЛАКСИ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Тале Христов" бр. 1-4 Скопје, КАБЕЛ ФОКС ДОО Кочани, со седиште на ул. „Димитар Влахов" бб Кочани, КАДИС 2002 ДОО Штип, со седиште на ул. „Браќа Даневи" бр. 8/14 Штип, АСТРА 99 ДОО Куманово, со седиште на ул. „3-та Македонска Ударна Бригада" бр. 84 Куманово, СТАРКС ДОО Куманово, со седиште на ул. „Миле Кипра" бр. 2 Куманово, СПРИНТ ДОО Велес, со седиште на ул. „Страшо Пинџур" бр. 1/1-4 Велес, МУЛТИКОМ ДОО Тетово, со седиште на ул. „Градски Трговски Центар" Тетово и САТ МЕДИА ДООЕЛ Тетово, со седиште на ул. „Илинденска" бб – лок. 4 ком Ш Тетово, по основ на стекнување од страна на Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 100% од уделите во претходно наведените претпријатија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30 000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси ("Службен весник на Република Македонија„ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 84017903161, приходна шифра и програма 72231300 и при подигнување на решението да достави доказ за извршена уплата на административните такси.

Бр. 07-170/31
4 мај 2007 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с. р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

Просечната месечна нето плата по работник за месец април 2007 година не може да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 5.988 |
| 02 | Шумарство, искористување на шуми и соодветни услужни активности | 7.975 |
| 05 | Улов на риба, одгледување на риби и услужни активности во рибарството | 7.225 |
| 10 | Вадење на камен, јаглен и лигнит, вадење на тресет | 8.009 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 10.511 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 9.922 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 9.342 |
| 16 | Производство на тутунски производи и ферментација на тутун | 7.942 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 5.161 |
| 18 | Производство на облека; доработка и боење на крзно | 3.832 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 2.303 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 5.041 |

| | | |
|---|---|---|
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 7.747 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 9.602 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 15.237 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 12.841 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 3.198 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 10.811 |
| 27 | Производство на основни метали | 10.529 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 5.496 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 7.851 |
| 30 | Производство на канцелариски машини и компјутери | 12.961 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 7.053 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 6.578 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 13.138 |
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 6.009 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 9.081 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 5.100 |
| 37 | Рециклажа | 5.866 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 14.693 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 8.451 |
| 45 | Градежништво | 6.352 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 10.721 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 10.741 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 6.230 |
| 55 | Хотели и ресторани | 7.290 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 7.228 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 19.526 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот; активности на патничките агенции | 12.746 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 14.564 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 16.969 |
| 66 | Осигурување и реосигурување, пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 19.714 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 30.770 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 11.329 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 5.401 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 13.160 |
| 73 | Истражување и развој | 9.196 |
| 74 | Други деловни активности | 8.239 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 10.813 |
| 80 | Образование | 8.687 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 8.039 |
| 90 | Отстранување на отпадни води и ѓубре, санитарни и слични активности | 7.661 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 12.375 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 8.295 |
| 93 | Други услужни дејности | 7.080 |
| 95 | Дејност на домаќинствата како работодавачи на домашен персонал | 0 |
| 96 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби | 0 |
| 97 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за вршување услуги за сопствени потреби | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Месечно даночно ослободување 3.064.

Министер,
**Љупчо Мешков**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**
**Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2007057